РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4549/1
22.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дваесет и прв дневен извештај на Агенцијата**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Во рамки на спроведувањето на изборниот мониторинг за Локалните избори 2025 и согласно член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка од 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 за активностите реализирани на ден 21 октомври 2025 година.

Во овој извештај Ве информираме дека Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери што емитуваа платено политичко рекламирање во првиот круг од изборната кампања, со кој ги потсети на обврската најдоцна до 22 октомври 2025 година да ги достават извештаите за реализирани услуги, на izbori@avmu.mk, во PDF (со печат и потпис) и Excel формат.

Во дописот е наведено дека Агенцијата ќе ги потврди извештаите по извршената проверка, по што радиодифузерите се должни потврдените извештаи да ги достават до учесниците во кампањата и до Државната изборна комисија во рок од пет дена. Дополнително, ги потсети радиодифузерите дека согласно член 76-д од Изборниот законик, трошоците за платеното политичко рекламирање се исплаќаат од ДИК врз основа на доставена фактура, договор, медиумски план и потврден извештај, на обрасците пропишани од Државната изборна комисија, во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**